| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | **Наслов на наставниот предмет** | **Задружно право** | | | |
| **2.** | **Код** | 50835 | | | |
| **3.** | **Студиска програма** | Деловно право | | | |
| **4.** | **Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)** | Правен факулет „Јустинијан Први“ – Скопје<br>Универзитет “Св.Кирил и Методиј“ Скопје | | | |
| **5.** | **Степен (прв, втор, трет)** | Втор циклус | | | |
| **6.** | **Академска година/семестар** | Втора година, трет семестар | **7.** | **Број на ЕКТС кредити** | 6 |
| **8.** | **Наставник** | проф.д-р. Димитар Гелев | | | |
| **9.** | **Предуслови за запишување на предметот** | Нема | | | |
| **10.** | **Цели на предметната програма (компетенции):** | | | | |

Цел на предметната програма по арбитражно право е да им овозможи на студентите да се стекнат со продлабочени знаења за овој алтернативен начин на решевање на споровите и со специфични вештини за примена на ова право во практиката.

Посебни задачи на оваа програма се:

- студентите да ги разберат основните концептуални, терминолошки и етимолошки поими во сферата на задружното право
- студентите да бидат во состојба да ги разликуваат и разберат основните видови задруги и различните нејзини манифестации, развојот на задругарството и задружното право, различните видови задруги (потрошувачки, кредитни, штедни, штедно-кредитни, малопродажни, за продажба на големо, маркетиншки, за домување, земјоделски, трговски, за вработување, за обезбедување здравствени, образовни и други социјални услуги, за хендикепираните лица, градежни, за користење или поседување на јавно добро или добро во општ интерес итн.).
- студентите да бидат во состојба да ги знаат основните организациони форми (со ограничена и со неограничена одговорност на членовите), органите на задругата (собранието на членовите, управниот одбор, надзорниот одбор) работењето на задругата.
- студентите да бидат во состојба да ги знаат приемот во задружното членство, влоговите и уделите, вреднувањето на влоговите, истапувањето на членовите од задругата, исклучувањето на членовите на задругата, смртта на член на задругата, располагањето со уделите во задругата.
- студентите да бидат во состојба да ги знаат престанокот и ликвидацијата на задругата, целите заради кои се користи, најсоодветната примена, постојното законодавство, европските и светските искуства во сферата на задругарството.
- студентите да бидат во состојба да ги знаат основните сопственички форми што се користат, сосопственоста, заедничката сопственост, имотот на задругата, поделбата на профитот и загубите.

За остварување на овие цели и задачи предметната програма по задружно право ќе ги обработи теоретските аспекти на задружното право, а потоа ќе се фокусира на

| | | |
|---|---|---|
| | практичната примената на правните правила со кои се регулираат задругите и задругарството.<br>По завршувањето на ова предметна програма студентите:<br>- ќе можат самостојно да ги истражуваат институтите на задружното право од теориски аспект, начините на нивно нормативно обликување и конкретизација и примената во практиката. | |
| **11.** | **Содржина на предметната програма:** | |
| | Во рамките на предметот Задружно право студентите се запознаваат со поимот задруга и различните нејзини манифестации, развојот на задругарството и задружното право, различните видови задруги (потрошувачки, кредитни, штедни, штедно-кредитни, малопродажни, за продажба на големо, маркетиншки, за домување, земјоделски, трговски, за вработување, за обезбедување здравствени, образовни и други социјални услуги, за хендикепираните лица, градежни, за користење или поседување на јавно добро или добро во општ интерес итн.), организациони форми (со ограничена и со неограничена одговорност на членовите), органи на задругата (собрание на членовите, управен одбор, надзорен одбор) работење, прием во задружното членство, влогови и удели, вреднување на влоговите, истапување на член на задругата, исклучување на член на задругата, смрт на член на задругата, располагање со уделите во задругата, престанок и ликвидација на задругата, цели заради кои се користи, најсоодветна примена, постојно законодавство, европски и светски искуства во сферата на задругарството, основните сопственички форми што се користат, сосопственоста, заедничката сопственост, имотот на задругата, поделбата на профитот и загубите.<br>Предметот Задружно право е опционен предмет на насоката Деловно право и опционен предмет на Заедничката листа на изборни предмети на Правниот факултет “Јустинијан Први“. Предметот се предава во траење од 12 недели, по три и пол часа неделно и според ЕКТС носи 6 кредити. Предметот е предвиден за студентите кои веќе имаат стекнато основни знаења и претставува напреден и интензивен курс со обем од 330 страни (според ЕКТС стандардите). За успешно следење на овој предмет се очекува студентите да имаат стекнато широки предзнаења, особено во сверата на договорното право, правото на друштвата, граѓанското и облигационото право и финансиите со цел поуспешно следење на наставата.<br>Предметот го анализира правното регулирање на различните видови задруги и задружни сојузи и нивната реална примена во пракса. | |
| **12.** | **Методи на учење:** | Материјата е поделена во 12 тематски единици Во рамките на секоја тематска единица прашањата ќе се анализираат од теоретски и од практичен аспект. Студентите ќе бидат поттикнувани за самостојна и тимска истражувачка работа, менторирана од предметните наставници, која што ќе им овозможи продлабочени знаења и развој на вештини.<br>Во предавањата ќе се користат различни техники на работа, вклучително Power Point презентации, |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | индивидуални и групни презентации од студентите како и заеднички дискусии. Предавањата ќе бидат интерактивни, а се очекува и ангажираност на студентите од аспект на истражување на одредени теми во и вон материјалот кои можат да бидат презентирани во договор со предметниот професор Задачите за секоја наредна недела (каде е можно и порано) ќе бидат однапред назначувани со цел студентите да имаат доволно време да се подготват.<br>Од студентите се очекува да развијат истражувачки и аналитички вештини, но и да аплицираат презентерски вештини на час.<br>Што се однесува до задолжителната литература освен релевантните закони што ја регулираат ова материја (Законот за задругите, Законот за сопственост и другите старни права, Законот за облигационите односи, Законот за трговските друштва, Законот против ограничувањето на конкуренцијата, Законот за нелојалната трговија), студентите ќе добијат соодветни материјали што ќе мора да ги прочитаат. Што се однесува до литературата која студентите ќе мора да ја совладаат како испитна литература, таа ќе биде потесна од онаа што е предвидена за читање во согласност со ЕКТС стандардите (до 330 страни). | | |
| **13.** | **Вкупен расположлив фонд на време** | 6ЕКТС = 150 часа | | |
| **14.** | **Распределба на расположливото време** | 52,5+0+17,5+0+80 | | |
| **15.** | **Форми на наставните активности** | 15.1 | Предавања – теоретска настава | 52,5 |
| | | 15.2 | Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа | 0 |
| **16.** | **Други форми на активности** | 16.1 | Проектни задачи | 17,5 |
| | | 16.2 | Самостојни задачи | 0 |
| | | 16.3 | Домашно учење | 80 |
| **17.** | **Начин на оценување** | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 17.1 | **Тестови/завршен испит** | | 70 бода |
| | 17.2 | **Семинарска работа / проект (презентација: писмена и усна)** | | 20 бода |
| | 17.3 | **Активност и учество** | | 10 бода |
| **18.** | **Критериуми за оценување (бодови / оценка)** | | до 51 бода | 5 (пет) (F) |
| | | | од 51 до 60 бода | 6 (шест) (E) |
| | | | од 61 до 70 бода | 7 (седум) (D) |
| | | | од 71 до 80 бода | 8 (осум) (C) |
| | | | од 81 до 90 бода | 9 (девет) (B) |
| | | | од 91 до 100 бода | 10 (десет) (A) |
| **19.** | **Услов за потпис и полагање на завршен испит** | | Реализирани активности 16.1, 16.2, 16.3 | |
| **20.** | **Јазик на кој се изведува наставата** | | Македонски јазик/Англиски јазик | |
| **21.** | **Метод на следење на квалитетот на наставата** | | Евалуација и самоевалуација | |
| **22.** | **Литература** | | | |
| | 22.1 | **Задолжителна литература** | | |

| Р. бр. | Автор | Наслов | Издавач | Година |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | | Закон за задругите | Службен весник на Република Македонија | 54/2002, 84/200 |
| **2.** | | Закон за земјоделските задруги | Службен весник на Република Македонија | 23/2013, 51/2015, 193/2015, 39/2016 |
| **3.** | | Закон за станбените задруги | Службен весник на Република Македонија | 62/1993 |

| | | |
|---|---|---|
| | 22.2 | **Дополнителна литература** |

| | | Р. бр. | Автор | Наслов | Издавач | Година |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **1.** | Charles Autry | The Law of Cooperatives | American Bar Association | 2009 |
| | | **2.** | Hans Munker | Cooperative Principles and Cooperative Law: | LIT Verlag | 2015 |
| | | **3.** | Dante Cracogna, Antonio Fici, Hagen Henry | International Handbook of Cooperative Law | Springer | 2013 |